# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 11 Год. LX Понеделник, 8 март 2004 Цена на овој број е 170 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


## С О Д Р Ж И Н А


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 199. | **Одлука** за именување претседател на Државната изборна комисија............... | 1 |
| 200. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за избор на претседател на Република Македонија................................ | 1 |
| 201. | **Одлука** за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата..... | 7 |
| 202. | **Решение** за ставање во примена на установен катастар на недвижности.... | 8 |
| | **Нотарска комора на Република Македонија** | |
| 9. | **Решение** за почеток со работа................ | 8 |
| | **Објава** за трошоците на живот за месец февруари 2004 година во однос на месец јануари 2004 година....................... | 8 |
| | **Објава** за движењето на цените на мало во Република Македонија за месец февруари 2004 година.................................. | 8 |


**199.**

Врз основа на член 82 став 1 од Уставот на Република Македонија и член 12 став 3 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, донесувам

### О Д Л У К А
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

I

Стевчо Пендаровски, се именува за претседател на Државната изборна комисија.

II

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-248
8 март 2004 година
Скопје

Вршител на должноста
Претседател на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

**200.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 и член 82 став 1 од Уставот на Република Македонија, вршителот на функцијата претседател на Република Македонија и претседател на Собранието на Република Македонија, издава

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на претседател на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 8 март 2004 година.

Бр. 07-1077/1
8 март 2004 година
Скопје

Вршител на функцијата
Претседател
на Република Македонија,
Претседателот на Собранието
на Република Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

# З А К О Н ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за избор на претседател на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 20/94 и 48/99), насловот на глава II се менува и гласи:

"II. РАСПИШУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ, ОРГАНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ И ГЛАСАЧКО ЛИВЧЕ"

Член 2

По членот 5 се додаваат два нови члена 5-а и 5-б, кои гласат:

"Член 5-а

Органи за спроведување на изборите за претседател на Република Македонија се Државната изборна комисија, општинските изборни комисии и избирачките одбори.

Државната изборна комисија:

1) се грижи за законитоста во подготовките и спроведувањето на изборите и дава упатства;

2) ги именува претседателот, членовите и нивните заменици на општинските изборни комисии;

3) ги потврдува и објавува листите на кандидати за избор на претседател и со ждрепка го утврдува нивниот редослед во гласачкото ливче;

4) определува единствени стандарди за изборниот материјал;

5) обезбедува материјални услови и се грижи за нивно спроведување;

6) пропишува обрасци за спроведување на изборите и ги објавува во "Службен весник на Република Македонија";

7) го определува начинот на ракување и чување на изборниот материјал;

8) го организира печатењето на гласачките ливчиња и листите на кандидати;

9) ја утврдува формата, големината, бојата и сериските броеви на гласачките ливчиња;

10) го предава и прима изборниот материјал на и од општинските изборни комисии;

11) врши едукација на членовите на општинските изборни комисии;

12) ја информира јавноста за начинот на гласањето и за остварување на избирачкото право;

13) донесува кодекс за правилата за набљудување на изборите на домашни и странски набљудувачи во согласност со меѓународните стандарди и им обезбедува исправи за идентификација;

14) одлучува по приговори;

15) ги пресметува и утврдува резултатите од изборите;

16) ги објавува конечните резултати од спроведените избори во рок од три дена од денот на нивното одржување;

17) поднесува извештај за спроведените избори до Собранието;

18) поднесува финансиски извештај за спроведените избори до Собранието;

19) донесува Правилник и Упатство за надоместокот на членовите на изборните органи;

20) ги врши работите утврдени со Законот за Избирачкиот список;

21) го пропишува видот на средството со кое се обележуваат и проверуваат лицата кои гласале (УВ ламби, спреј и графитно перниче);

22) формира помошни тела за извршување на организационо-технички работи;

23) ги објавува во дневниот печат описите на избирачките места и

24) врши и други работи утврдени со закон.

Општинската изборна комисија:

1) се грижи за законито спроведување на изборите;

2) го именува составот на избирачките одбори и дава упатство за нивното работење;

3) ги огласува утврдените листи за кандидати;

4) врши едукација на членовите на избирачките одбори;

5) презема технички подготовки за спроведување на изборите според упатството и инструкциите на Државната изборна комисија;

6) ги информира граѓаните за начинот и техниката на гласање;

7) ги евидентира овластените претставници за следење на работата на општинската изборна комисија и на избирачките одбори;

8) ги предава и собира изборните материјали на и од избирачките одбори;

9) го предава изборниот материјал на Државната изборна комисија во рок од три часа по приемот на изборниот материјал од избирачките одбори;

10) ги сумира резултатите од гласањето на листите на кандидати, составува записник и заедно со целокупниот изборен материјал го доставува до Државната изборна комисија;

11) пополнува и доставува статистички податоци за потребите на Државниот завод за статистика на Република Македонија и

12) врши и други работи утврдени со закон.

Избирачкиот одбор непосредно раководи со гласањето на гласачкото место, обезбедува правилност и тајност на гласањето, обезбедува слободно и мирно одржување на гласањето и го сумира резултатот од гласањето на гласачкото место.

Избирачкиот одбор за својата работа составува записник и заедно со изборниот материјал го доставува до општинската изборна комисија по завршувањето на гласањето.

Член 5-б

Гласачкото ливче за избор на претседател содржи:

1) назив на гласачкото ливче;

2) реден број, име и симбол (ако го има) на подносителот на листата;

3) име и презиме на кандидатите врз основа на податоци од матичната евиденција на податоците и

4) сериски број на гласачкото ливче во делот кој останува на кочанот на блокот.

На гласачкото ливче, кандидатите се наведени по оној редослед кој е утврден во единствената листа на кандидати.

Доколку има кандидати за претседател со исто име и презиме, тогаш се наведува и почетната буква на нивното средно презиме.

Називот на гласачкото ливче го содржи знамето на Република Македонија.

Името на подносителот на листата и името и презимето на кандидатот се пишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

За припадниците на другите заедници, името на подносителот на листата и името и презимето на кандидатот, се пишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото на заедницата на која тие припаѓаат.

Листите на утврдените кандидати коишто не се составен дел на гласачкото ливче, во единиците на локалната самоуправа во која живеат најмалку 20% од припадниците на заедниците, покрај на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, се истакнуваат и на јазикот и писмото на таа заедница.

Упатството за гласање не е дел од гласачкото ливче. Упатството се истакнува на видно место на гласачкиот параван и на други видни места на гласачките места во согласност со Упатството издадено од Државната изборна комисија. Упатството е печатено на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазиците и писмата на другите заедници наведени во Преамбулата на Уставот на Република Македонија."

Член 3

По членот 10 се додава нова глава IV и десет нови члена 10-а, 10-б, 10-в, 10-г, 10-д, 10-ѓ, 10-е, 10-ж, 10-з и 10-ѕ, кои гласат:

"IV. ИЗБОРИ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПОРАДИ ПРЕСТАНОК НА МАНДАТОТ

Член 10- а

Кога Уставниот суд на Република Македонија ќе донесе акт со кој го утврдува настанувањето на условите за престанок на функцијата претседател на Република Македонија согласно со членот 81 став 8 од Уставот на Република Македонија, во рок од 24 часа го доставува до претседателот на Собранието на Република Македонија и го објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Претседателот на Собранието на Република Македонија, во рок од 48 часа од објавувањето на актот од ставот 1 на овој член, донесува акт за распишување на избори за избор на претседател на Република Македонија.

Со објавувањето на актот од ставот 2 на овој член, почнуваат да течат роковите за извршување на изборните дејствија и се утврдува денот на одржувањето на изборите.

Актот за распишување на изборите од ставот 2 на овој член се доставува до Државната изборна комисија и Министерството за правда.

Актот за распишување на изборите од ставот 2 на овој член се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Член 10- б

Собирањето на потписите во постапката за кандидирање за претседател на Република Македонија и јавниот увид во Избирачкиот список се спроведуваат пред органот надлежен за водење на евиденција на избирачкото право и започнуваат петтиот ден од денот на распишување на изборите за претседател поради престанок на мандатот и траат десет дена.

Член 10- в

Листата на кандидати за претседател на Република Македонија се доставува до Државната изборна комисија, најдоцна 16. ден од денот на распишувањето на изборите.

Кандидатот може да се откаже од кандидатурата најдоцна 17. ден од денот на распишувањето на изборите.

Член 10- г

Државната изборна комисија во рок од 24 часа по приемот на листите на кандидати за претседател, утврдува дали тие се поднесени во рокот предвиден со членот 10-в од овој закон и дали се составени во согласност со закон.

Ако Комисијата од став 1 на овој член по приемот на листата утврди дека се направени одделни пропусти, односно неправилности, ќе ги повика подносителите на листите веднаш, но најдоцна во рок од 24 часа од доставувањето на листата, да ги отстранат констатираните пропусти или неправилности.

Ако Комисијата од ставот 1 на овој член утврди дека листите се поднесени во определениот рок и се составени во согласност со закон, односно констатираните пропусти и неправилности подносителите на листите ги отстраниле во рокот од ставот 2 на овој член, поднесените листи ќе ги потврди со решение во рок од 24 часа од приемот на листите, односно отстранувањето на пропустите или неправилностите.

Член 10- д

Ако Државната изборна комисија утврди дека листите се поднесени ненавремено, односно констатираните пропусти и неправилности подносителите на листите не ги отстраниле во рокот предвиден во членот 10-г став 2 на овој закон, Комисијата поднесената листа во рок од 24 часа ќе ја отфрли со решение.

Против решението на Државната изборна комисија може да се поднесе жалба до Врховниот суд на Република Македонија во рок од 24 часа по приемот на решението.

Врховниот суд на Република Македонија е должен да донесе одлука по жалбата во рок од 24 часа по приемот на жалбата.

Жалбата од ставот 2 на овој член се поднесува преку Државната изборна комисија, а доставувањето на жалба по пошта не е дозволено.

Член 10- ѓ

Државната изборна комисија утврдените листи ќе ги објави во "Службен весник на Република Македонија" најдоцна 21. ден од денот на распишувањето на изборите.

Член 10- е

Изборната кампања започнува 22. ден од денот на распишувањето на изборите и завршува 24 часа пред денот на одржувањето на изборите.

Член 10-ж

Организаторот на изборната кампања задолжително отвора жиро сметка со назнака "за изборна кампања", најдоцна 15 дена од денот на распишувањето на избори за избор на претседател, врз основа на издадена потврда од Државната изборна комисија за поднесена листа на кандидат за претседател на Република Македонија.

Член 10-з

Предлогот на одлуката за правилата за рамноправен пристап во медиумското претставување за избор на претседател на Република Македонија поради престанок на мандатот, Советот за радиодифузија го доставува до Собранието на Република Македонија најдоцна 15 дена од денот на распишувањето на изборите, а Собранието го донесува во рок од два дена од денот на приемот.

Одлуката од ставот 1 на овој член се објавува веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа во "Службен весник на Република Македонија".

Член 10-ѕ

Органот на државната управа надлежен за водење на Избирачкиот список, копие од решението за определување на бројот и описот на секое избирачко место ќе го достави до општинската изборна комисија најдоцна десет дена пред денот определен за изборите.

Општинската изборна комисија најдоцна пет дена пред денот определен за одржување на изборите ќе ги објави на видно место описите на избирачките места кои се определени за гласање со назначување од кое подрачје избирачите ќе гласаат на одделно избирачко место."

Член 4

По членот 10-ѕ се додава нова глава V и три нови члена 10-и,10-ј и 10-к кои гласат:

"V. ЗАШТИТА НА ИЗБИРАЧКОТО ПРАВО

Член 10-и

Постапката за заштита на избирачкото право е итна.

Поднесоците (приговорите и жалбите) за заштита на избирачкото право се доставуваат до надлежните органи преку органите кои претходно одлучувале.

Второстепените одлуки на надлежните органи се конечни.

Доставувањето на приговор и жалба по пошта не е дозволено.

Член 10-ј

Секој подносител на листа на кандидат во постапката за гласање, сумирање и утврдување на резултатите од гласањето има право да поднесе приговор до Државната изборна комисија.

Приговорот од ставот 1 на овој член се поднесува во рок од 48 часа по констатирањето на неправилностите.

Државната изборна комисија е должна во рок од 48 часа по приемот на приговорот да донесе решение.

Против решението на Државната изборна комисија може да се поднесе жалба до Врховниот суд на Република Македонија во рок од 48 часа од приемот на решението.

Жалбата се поднесува преку Државната изборна комисија.

Член 10-к

Секој избирач или секој подносител на листа на кандидат ако констатира неправилности во постапката за избор, може да поднесе приговор до Државната изборна комисија во рок од 48 часа.

Државната изборна комисија е должна во рок од 48 часа од приемот на приговорот да донесе решение.

Против решението на Државната изборна комисија може да се поднесе жалба до Врховниот суд на Република Македонија во рок од 48 часа по приемот на решението, преку Државната изборна комисија.

Врховниот суд на Република Македонија по жалбите од членот 10-ј став 4 на овој закон и по жалбите од ставот 3 на овој член решава во совет од петмина судии избрани по пат на ждрепка.

Врховниот суд на Република Македонија е должен да донесе одлука во рок од 48 часа по приемот на жалбата од членот 10-ј став 4 на овој закон и по жалбата од ставот 3 на овој член.

Врховниот суд на Република Македонија може да ја потврди или преиначи одлуката."

Член 5

Во членот 16 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

"Изјавата од ставот 1 на овој член претседателот на Република Македонија, избран врз основа на избори за претседател поради престанок на мандатот, ја дава во рок од три дена од денот на објавувањето на конечните резултати."

Член 6

Постојните глави III-а, IV, V и VI стануваат глави VI, VII, VIII и IX, а членот 10-а станува член 10-л.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 7

Државната изборна комисија и општинските изборни комисии формирани за спроведување на изборите за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2002 година, ќе го спроведат изборот на претседател на Република Македонија со денот на влегувањето во сила на овој закон.

Ако на претседателот на Државната изборна комисија и на неговиот заменик по било која основа им престанал мандатот, претседателот на Република Македонија во рок од 24 часа од денот на распишувањето на изборите именува нов претседател на Државната изборна комисија и негов заменик.

Ако на членовите на Државната изборна комисија, секретарот и нивните заменици по било која основа им престанал мандатот, Собранието на Република Македонија во рок од 48 часа од денот на распишувањето на изборите именува нови членови, секретар и нивни заменици.

Ако во општинските изборни комисии по било која основа на претседателот, членовите и нивните заменици им престанал мандатот, претседателот, членовите и нивните заменици ги именува Државната изборна комисија во рок од пет дена од добивањето на известувањето за престанокот на мандатот.

На секретарот на Државната изборна комисија, му мирува работниот однос до престанокот на мандатот.

Член 8

Избирачкиот одбор се формира за секое избирачко место.

Избирачките одбори се составени од претседател, четворица членови и нивни заменици.

Претседателот на избирачкиот одбор и неговиот заменик, по правило се дипломирани правници.

Двајца члена на избирачкиот одбор и нивните заменици, се именуваат по предлог на политичките партии во опозиција, кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови.

Двајца члена на избирачкиот одбор и нивните заменици, се именуваат по предлог на политичките партии на власт, кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови.

Претседателите, членовите на избирачките одбори и нивните заменици, ги именува општинската изборна комисија најдоцна десет дена пред денот определен за одржување на изборите.

Член 9

Политичките партии од членот 8 на овој закон, предлозите за членови на избирачките одбори и нивните заменици од членот 8 ставови 4 и 5 на овој закон, ги предлагаат најдоцна 15 дена пред денот определен за одржување на изборите.

Ако политичките партии не го достават предлогот во рокот утврден во ставот 1 на овој член, членовите на избирачките одбори ги именува општинската изборна комисија.

Претседателот на општинската изборна комисија именува нови членови на избирачкиот одбор и нивни заменици, во случај на неоправдано напуштање на гласачкото место на членовите на избирачкиот одбор и нивни заменици за време на изборите со решение кое го доставува до членовите на Комисијата.

Член 10

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**LIGJI**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR ZGJEDHJEN E KRYETARIT TË TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË**

Neni 1

Në Ligjin për zgjedhjen e kryetarit të Republikës së Maqedonisë ("Gazeta Zyrtare e RM" nr.20/94 dhe 48/99), titulli i kaptinës II ndryshon si vijon:

II. SHPALLJA DHE MBAJTJA E ZGJEDHJEVE, ORGANET PËR ZBATIMIN E ZGJEDHJEVE DHE FLETVOTIMI".

Neni 2

Pas nenit 5 shtohen dy nene të reja5-a dhe 5-b si vijojnë:

"Neni 5-a

Organet për zbatimin e zgjedhjeve për kryetar të Republikës së Maqedonisë janë komisioni zgjedhor shtetërorë, komisionet zgjedhore komunale dhe këshillat zgjedhorë.

Komisioni zgjedhor shtetëror:

1) kujdeset për ligjshmëri në përgatitjet dhe zbatimin e zgjedhjeve dhe jep udhëzime;

2) i emëron kryetarin, anëtarët dhe zëvendësit e tyre në komisionet zgjedhore komunale;

3) i verifikon dhe i publikon listat e kandidatëve për zgjedhjen e kryetarit dhe me short e konfirmon radhitjen e tyre në fletëvotim;

4) përcakton standarde unike për materialin zgjedhor;

5) siguron kushte materiale dhe kujdeset për zbatimin e tyre;

6) përcakton formularët për zbatimin e zgjedhjeve dhe i publikon në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

7) e përcakton mënyrën e manipulimit dhe ruajtjes të materialit zgjedhor;
8) e organizon shtypjen e fletëvotimeve dhe listave të kandidatëve;
9) përcakton formën, madhësinë, ngjyrën dhe numrat serik në fletëvotimet;
10) e dorëzon dhe pranon materialin zgjedhor të dhe nga komisionet komunale zgjedhore;
11) bën edukimin e anëtarëve të komisioneve zgjedhore komunale;
12) e informon opinionin për mënyrën e votimit dhe për realizimin e të drejtës zgjedhore;
13) miraton kodeks të rregullave për vëzhgimin e zgjedhjeve të vëzhguesve të vendit dhe të jashtëm, në pajtim me standardet ndërkombëtare dhe u siguron dokumente identifikimi;
14) vendos për kundërshtimet;
15) i përllogarit dhe përcakton rezultatet e zgjedhjeve;
16) i publikon rezultatet përfundimtare të zgjedhjeve të zbatuara në afat prej tri ditësh nga dita e mbajtjes së tyre;
17) i paraqet raport për zgjedhjet e zbatuara Kuvendit;
18) paraqet raport finaciar për zgjedhjet e zbatuara, në Kuvend;
19) miraton Rregullore dhe Udhëzim për kompensimin e anëtarëve të organeve zgjedhore;
20) i kryen punët e përcaktuara me ligj për listën zgjedhore;
21) e rregullon llojin e mjetit me të cilin shënohen dhe verifikohen personat që kanë votuar (llamba UV sprej dhe jastëkun grafitor);
22) formon trupa ndihmëse për realizimin e punëve organizative-teknike;
23) i publikon në shtypin ditorë përshkrimet e vendeve zgjedhore; dhe
24) kryen edhe punë të tjera të përcaktuara me ligj.

Komisioni zgjedhor komunal:
1) kujdeset për zbatim ligjor të zgjedhjeve;
2) e emëron përbërjen e këshillave zgjedhor dhe jep udhëzime për punën e tyre;
3) i shpall listat e konfirmuara të kandidatëve;
4) bën edukimin e anëtarëve të këshillave zgjedhor;
5) ndërmerrë përgatitje teknike për zbatimin e zgjedhjeve sipas udhëzimit dhe instruksioneve të komisionit shtetëror zgjedhor;
6) i informon qytetarët për mënyrën dhe teknikën e votimit;
7) i evidenton përfaqësuesit e autorizuar për përcjelljen e punëve të komisionit zgjedhor komunal dhe të këshillave zgjedhor;
8) i dorëzon dhe grumbullon materialet zgjedhore prej dhe nga këshillat zgjedhor;
9) ia dorëzon materialin zgjedhor komisionit shtetërorë zgjedhor në afat prej tri orësh pas pranimit të materialit zgjedhor nga këshillat zgjedhor;
10) i përmbledh rezultatet e votimit të listave të kandidatëve, përpilon procesverbal dhe së bashku me tërë materialin zgjedhorë ia dorëzon komisionit shtetëror zgjedhor;
11) plotëson dhe dorëzon të dhënat statistikore për nevojat e Entit Shtetëror të Statistikës të Republikës së Maqedonisë, dhe
12) kryen edhe punë të tjera të përcaktuara me ligj.

Këshilli zgjedhor në mënyrë të drejtpërdrejtë udhëheq me votimin në vendin e votimit, siguron rregullshmërinë dhe sekretin e votimit, siguron mbajtjen e lirë dhe të qetë të votimit dhe e përmbledh rezultatin e votimit në vendin e votimit.

Këshilli zgjedhor për punën e tij harton procesverbal dhe së bashku me materialin zgjedhor ia dorëzon komisionit zgjedhor komunal, pas përfundimit të votimit.

Neni 5-b

Fletëvotimi për zgjedhjen e kryetarit përmban:
1) emërtimin e fletëvotmit;
2) numrin rendor, emrin dhe simbolin të paraqitësit të listës (nëse e ka);
3) emrin dhe mbiemrin e kandidatëve në bazë të të dhënave nga evidenca amë e të dhënave dhe
4) numrin serik të fletëvotimit në pjesën që mbetet në pjesën e fortë të bllokut;

Në fletëvotim, kanididatët janë radhitur sipas renditjes që është përcaktuar në listën unike të kandidatëve.

Nëse ka kandidatë për kryetarë me emër dhe mbiemër të njëjtë, atëherë theksohet edhe shkronja nisëtore e mbiemrit të tyre të mesëm.

Emërtimi i fletëvotimit e përmban flamurin e Republikës së Maqedonisë.

Emri i paraqitësit të listës dhe emri dhe mbiemri i kandidatit shkruhen në gjuhën maqedonase dhe alfabetin e saj cirilik.

Për pjesëtarët e bashkësive të tjera, emri i paraqitësit të listës dhe emri dhe mbiemri i kandidatit shkruhen në gjuhën maqedonase dhe alfabetin e sajë cirilik edhe në gjuhën dhe alfabetin e bashkësisë së cilës ata i takojnë.

Listat e kandidatëve të verifikuar, të cilat nuk janë pjesë përbërëse e fletëvotimit, në njësitë e vetadministrimit lokal ku jetojnë së paku 20% të pjesëtarëve të bashkësive, përveç në gjuhën maqedonase dhe alfabetin e saj cirilik, theksohen edhe në gjuhën dhe alfabetin e asaj bashkësie.

Udhëzimi për votim nuk është pjesë e vletëvotimit. Udhëzimi vendoset në vend të dukshëm në paravanin zgjedhor dhe në vendet tjera të dukshme në vendet e votimit, në pajtim me Udhëzimin lëshuar nga komisoni shtetëror zgjedhor.

Udhëzimi është i shtypur në gjuhën maqedonase, alfabetin e saj cirilik dhe në gjuhët dhe alfabetet e bashkësive të tjera, të përmendura në preambulën e Kushtetutës të Republikës së Maqedonisë".

Neni 3

Pas nenit 10 shtohet kapitulli i ri IV dhe 10 nene të reja 10-a, 10-b, 10-v, 10-g, 10-d, 10-gj, 10-e, 10-zh, 10-z dhe 10-x si vijon:

"IV. ZGJEDHJET PËP KRYETAR TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË PËR SHKAK TË SKADIMIT TË MANDATIT

Neni 10-a

Kur Gjyqi Kushtetues i Republikës së Maqedonisë nxjerr aktin me të cilin konfirmohet se janë arritur kushtet për shuarjen e funkcionit kryetar i Republikës së Maqedonisë sipas nenit 81 paragrafi 8 të Kushtetutës së Republikës së Maqedonisë, në afat prej 24 orëve e paraqet te kryetari i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë dhe e shpall në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

Kryetari i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë, në afat prej 48 orëve nga shpallja e aktit nga paragrafi 1 i këtij neni, miraton aktin për shpalljen e zgjedhjeve për zgjedhjen e kryetarit të Republikës së Maqedonisë.

Me shpalljen e aktit nga paragrafi 2 i këtij neni, fillojnë të rrjedhin afatet për kryerjen e veprimeve zgjedhore dhe konfirmohet dita e mbajtjes së zgjedhjeve.

Akti për shpalljen e zgjedhjeve nga paragrafi 2 i këtij neni paraqitet në Komisionin zgjedhor shtetëror dhe në Ministrinë e Drejtësisë.

Akti për shpalljen e zgjedhjeve nga paragrafi 2 i këtij neni, shpallet në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

Neni 10-b

Grumbullimi i nënshkrimeve në procedurën e kandidimit për kryetar të Republikës së Maqedonisë dhe inspektimi publik në Listën zgjedhore realizohen para organit kompetent për mbajtjen e evidencës së të drejtës zgjedhore dhe fillojnë ditën e pestë nga dita e shpalljes së zgjedhjeve për kryetar, për shkak të skadimit të mandatit dhe zgjasin 10 ditë.

Neni 10-v

Lista e kandidatëve për kryetar të Republikës së Maqeonisë paraqitet në Komisionin zgjedhor shtetëror, më së voni ditën e gjashtëmbëdhjetë nga dita e shpalljes së zgjedhjeve.

Kandidati mund të tërhiqet nga kandidatura, më së voni ditën e shtatëmbëdhjetë nga dita e shpalljes së zgjedhjeve.

Neni 10-g

Komisioni zgjedhor shtetëror në afat prej 24 orëve pas pranimit të listave të kandidatëve për kryetar, konfirmon se a janë të paraqitura në afatin e paraparë me nenin 10-v të këtij ligji dhe a janë të përpiluara sipas ligjit.

Nëse Komisioni nga paragrafi 1 i këtij neni pas pranimit të listës konfirmon se janë bërë lëshime të caktuara, respektivisht parregullsi, do t'i thërrasë paraqitësit e listave menjëherë, e më së voni në afat prej 24 orëve nga paraqitja e listës t'i mënjanojnë lëshimet ose parregullsitë e konstatuara.

Nëse Komisioni nga paragrafi 1 i këtij neni konfirmon se listat janë paraqitur në afatin e caktuar dhe janë përpiluar sipas ligjit, respektivisht lëshimet dhe parregullsitë e konstatuara paraqitësit e listave i kanë mënjanuar në afatin nga paragrafi 2 i këtij neni, listat e paraqitura do t'i verifikojë me vendim në afat prej 24 orëve nga pranimi i listave, respektivisht mënjanimi i lëshimeve ose parregullsive.

Neni 10-d

Nëse Komisioni zgjedhor shtetëror konfirmon se listat nuk janë paraqitur me kohë, respektivisht lëshimet dhe parregullsitë e konstatuara, paraqitësit e listave nuk i kanë mënjanuar në afatin e paraparë në nenin 10-g paragrafi 2 i këtij ligji, Komisioni listën e paraqitur në afat prej 24 orëve do ta hedhë posht me Vendim.

Kundër vendimit të Komisionit zgjedhor shtetëror, mund të paraqitet ankesë në Gjyqin suprem të Republikës së Maqedonisë në afat prej 24 orëve pas pranimit të Vendimit.

Gjyqi Suprem i Republikës së Maqedonisë është i obliguar të marrë Vendim sipas ankesës në afat prej 24 orëve pas pranimit të ankesës.

Ankesa nga paragrafi 2 i këtij neni paraqitet përmes Komisionit zgjedhor shtetëror, ndërsa paraqitja e ankesës përmes postës nuk lejohet.

Neni 10-gj

Komisioni zgjedhor shtetëror listat e verifikuara do t'i shpallë në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë" më së voni ditën e njëzetenjëtë, nga dita e shpalljes së zgjedhjeve.

Neni 10-e

Fushata zgjedhore fillon ditën e njëzetedytë, nga dita e shpalljes së zgjedhjeve dhe mbaron 24 orë para ditës së mbajtjes së zgjedhjeve.

Neni 10-zh

Organizatori i fushatës zgjedhore detyrimisht hapë llogari rrjedhëse me shenjën "për fushatën zgjedhore", së paku 15 ditë nga dita e shpalljes të zgjedhjeve për zgjedhjen e kryetarit, në bazë të lejes së lëshuar nga Komisioni zgjedhor shtetëror për listën e paraqitur për kandidat për kryetar të Republikës së Maqedonisë.

Neni 10-z

Propozimin e Vendimit për rregullat për qasje të barabartë në paraqitjen mediale për zgjedhjen e kryetarit të Republikës së Maqedonisë për shkak të skadimit të mandatit, Këshilli i radiodifuzionit e paraqet në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë, më së voni pesëmbëdhjetë ditë nga dita e shpalljes së zgjedhjeve, ndërsa Kuvendi e miraton në afat prej dy ditëve nga dita e pranimit.

Vendimi nga paragrafi 1 i këtij neni shpallet menjëherë, ndërsa më së voni në afat prej 24 orëve në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

Neni 10-x

Organi i administratës shtetërore kompetent për mbajtjen e Listës zgjedhore, një kopje të Vendimit për caktimin e numrit dhe përshkrimin e secilit vendvotim do t'ia dorëzojë në Komisionin zgjedhor komunal, më së voni dhjetë ditë para ditës së caktuar të zgjedhjeve.

Komisioni zgjedhor komunal, më së voni pesë ditë para ditës së caktuar për mbajtjen e zgjedhjeve do t'i shpallë në vend të dukshëm përshkrimet e vendvotimeve të caktuara për votim me shënim nga cili rajon votuesit do të votojnë në vendvotimin e caktuar".

Neni 4

Pas nenit 10-x shtohet kapitulli i ri V dhe tre nene të reja 10-i, 10-j dhe 10-k si vijojnë:

"V. MBROJTJA E TË DREJTËS ZGJEDHORE

Neni 10-i

Procedura për mbrojtjen e të drejtës zgjedhore është urgjente.

Dokumentet e paraqitura (kundërshtimet dhe ankesat) për mbrojtjen e të drejtës zgjedhore dorëzohen në organet kompetente, përmes organeve, të cilat paraprakisht kanë vendosur .

Vendimet e shkallës së dytë të organeve kompetente janë përfundimtare.

Paraqitja e kundërshtimit dhe ankesës përmes postës nuk lejohet.

Neni 10-j

Secili paraqitës i listës së kandidatit në procedurën për votimin, mbledhjen dhe verifikimin e rezultateve të votimit, ka të drejtë të paraqesë kundërshtim në Komisionin shtetëror zgjedhor.

Kundërshtimi nga paragrafi 1 i këti nenit paraqitet në afat prej 48 orëve pas konstatimit të parregullsive.

Komisioni shtetëror zgjedhor është i obliguar që në afat prej 48 orëve pas pranimit të kundërshtimit të marrë Vendim.

Kundër Vendimit të Komisionit shtetëror zgjedhor mund të paraqitet ankesë në Gjyqin Suprem të Republikës së maqedonisë, në afat prej 48 orëve nga pranimi i Vendimit.

Ankesa paraqitet përmes Komisionit shtetëror zgjedhor.

Neni 10-k

Secili zgjedhës ose secili paraqitës i listës së kandidatit, nëse konstaton parregullsi në procedurën për zgjedhje, mund të paraqesë kundërshtim në Komisionin shtetëror zgjedhor në afat prej 48 orëve.

Komisioni shtetëror zgjedhor është i obliguar që në afat prej 48 orëve nga pranimi i kundërshtimit të marrë Vendim.

Kundër Vendimit të Komisionit shtetëror zgjedhor mund të paraqitet ankesë në Gjyqin Suprem të Republikës së Maqedonisë, në afat prej 48 orëve nga pranimi i Vendimit.

Gjyqi Suprem i Republikës së Maqedonisë për ankesat nga neni 10-j paragrafi 4 të këtij ligji dhe ndaj ankesave nga paragrafi 3 të këtij neni vendos në Këshillin prej pesë gjykatësve, të zgjedhur me short.

Gjyqi Suprem i Republikës së Maqedonisë është i obliguar që të marrë Vendim në afat prej 48 orëve pas pranimit të ankesës nga neni 10-j paragrafi 4 i këtij ligji dhe ndaj ankesës nga paragrafi 3 të këtij neni.

Gjyqi Suprem i Republikës së Maqedonisë mund ta vërtetojë ose ndryshoj Vendimin".

Neni 5

Në nenin 16 pas paragrafit 1, shtohet paragraf i ri 2 si vijon:

"Dekleratën nga paragrafi 1 të këtij neni, kryetari i Republikës së Maqedonisë, i zgjedhur në bazë të zgjedhjeve për kryetar për shkak të ndërprerjes së mandatit, e jep në afat prej tri ditëve nga dita e shpalljes së rezultateve definitive".

Neni 6

Kapitujt ekzistues III-a, IV,V dhe VI bëhen kapituj VI,VII,VIII dhe IX, ndërsa neni 10-a bëhen nen 10-L.

DISPOZITAT KALIMTARE DHE PËRFUNDIMTARE

Neni 7

Komisioni shtetëror zgjedhor dhe komisionet zgjedhore komunale, të formuar për zbatimin e zgjedhjeve për deputetë në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë në vitin 2002, do ta zbatojnë zgjedhjen e kryetarit të Republikës së Maqedonisë me ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Nëse kryetarit të Komisionit shtetëror zgjedhor dhe të zëvendësit të tij mbi çfarëdo baze i ka skaduar mandati, kryetari i Republikës së Maqedonisë në afat prej 24 orëve nga dita e shpalljes së zgjedhjeve emëron kryetar të ri të Komisionit shtetëror zgjedhor dhe zëvendësin të tij.

Nëse anëtarëve të Komisionit shtetëror zgjedhor, sekretarit dhe zëvendësve të tyre, mbi çfarëdo baze u ka skaduar mandati, Kuvendi i Republikës së Maqedonisë në afat prej 48 orëve nga dita e shpalljes së zgjedhjeve emëron anëtarë të rinj, sekretar dhe zëvendës të tyre.

Nëse në komisionet zgjedhore komunale, mbi çfarëdo baze, kryetarit, anëtarëve dhe zëvendësve të tyre u ka skaduar mandati, kryetarin, anëtarët dhe zëvendësit e tyre i emëron Komisioni shtetëror zgjedhor, në afat prej pesë ditëve nga marrja e njoftimit për skadimin e mandatit.

Sekretarit të Komisionit shtetëror zgjedhor, i pushon marrëdhënia e punës deri në skadimin e mandatit.

Neni 8

Këshilli zgjedhor formohet për secilin vendvotim.

Këshillat zgjedhorë përbëhen nga kryetari, katër anëtarë dhe zëvendësit e tyre.

Kryetari i këshillit zgjedhor dhe zëvendësi i tij, sipas rregullit, janë juristë të diplomuar.

Dy anëtarët e këshillit zgjedhorë dhe zëvendësit e tyre emërohen me propozim të partive politike të opozitës, të cilat në zgjedhjet e fundit për deputetë kanë fituar më shumë vota.

Dy anëtarët e Këshillit zgjedhorë dhe zëvendësit e tyre, emërohen me propozim të partive politike në pushtet, të cilët në zgjedhjet e fundit për deputetë kanë fituar më shumë vota.

Kryetarët, anëtarët e këshillave zgjedhorë dhe zëvendësit e tyre, i emëron komisioni zgjedhor komunal, më së voni 10 ditë para ditës së caktuar për mbajtjen e zgjedhjeve.

Neni 9

Partitë politike nga neni 8 i këtij ligji, propozimet për anëtarë të Këshillave zgjedhore dhe zëvendësit e tyre nga paragrafët 4 dhe 5 të nenit 8 të këtij ligji, i propozojnë më së voni 15 ditë para ditës së caktuar për mbajtjen e zgjedhejve.

Nëse partitë politike nuk e paraqesin propozimin në afatin e caktuar në paragrafin 1 të këtij neni, anëtarët e këshillave zgjedhore i emëron Komisioni zgjedhor komunal.

Kryetari i Komisionit komunal zgjedhor emëron anëtarë të rinj të Këshillit zgjedhor dhe zëvendës të tyre, në rast të braktisjes të paarsyeshme të vendvotimit të anëtarëve të Këshillit zgjedhor dhe të zëvendësve të tyre gjatë kohës së zgjedhjeve, me vendim, të cilin ua dorëzon anëtarëve të Komisionit.

Neni 10

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**201.**

Врз основа на член 39, став 3 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 47/97, 40/99, 98/00, 94/02 и 38/03), член 28 од Законот за акцизите („Службен весник на РМ“ бр. 32/01, 50/01, 52/01, 45/02, 98/02 и 24/03), член 28 и 29 од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на РМ“ бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 8/01 и 21/03), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 8.03.2004 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА

1. Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

| **а) Моторни бензини** | **ден/лит.** |
|---|---|
| - МБ - 86 | до 16,188 |
| - МБ - 98 | до 16,611 |
| - МБ - 96 (ПРЕМИУМ) | до 16,611 |
| - БМБ - 90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | до 16,430 |
| - БМБ - 95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | до 16,854 |
| **б) Дизел гориво** | **ден/лит.** |
| - Д (ДИЗЕЛ) | до 16,118 |
| - Д - 1 | до 16,118 |
| - Д - 2 | до 15,695 |
| **в) Масло за горење** | **ден/лит.** |
| - екстра лесно (ЕЛ) | до 16,475 |
| **г) Мазут** | **ден/кг** |
| - М - 1 (М) | до 9,808 |
| - М - 2 | до 9,780 |

2. Претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија) ги формираат цените за одделни нафтени деривати така што највисоките малопродажни цени да изнесуваат и тоа:

| **а) Моторни бензини** | **ден/лит.** |
|---|---|
| - МБ - 86 | до 53,00 |
| - МБ - 98 | до 53,50 |
| - МБ - 96 (ПРЕМИУМ) | до 53,50 |
| - БМБ - 90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | до 50,00 |
| - БМБ - 95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | до 50,50 |
| **б) Дизел гориво** | **ден/лит.** |
| - Д (ДИЗЕЛ) | до 38,00 |
| - Д - 1 | до 38,00 |
| - Д - 2 | до 37,50 |
| **в) Масло за горење** | **ден/лит.** |
| - екстра лесно (ЕЛ) | до 27,50 |
| **г) Мазут** | **ден/кг** |
| - М - 1 (М) | до 12,163 |
| - М - 2 | до 12,130 |

Цените од став 1 на оваа точка, потточките "а", "б" и "в" важат франко пумпна станица, а цената на потточката "г" важи франко производител во земјата.

Во малопродажните цени содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот.

3. Во малопродажните цени утврдени со точка 2 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот изнесуваат и тоа:

| **а) Моторни бензини** | **ден/лит.** |
|---|---|
| - МБ - 86 | 25,127 |
| - МБ - 98 | 25,128 |
| - МБ - 96 (ПРЕМИУМ) | 25,128 |
| - БМБ - 90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | 22,343 |
| - БМБ - 95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | 22,343 |
| **б) Дизел гориво** | **ден/лит.** |
| - Д (ДИЗЕЛ) | 12,485 |
| - Д - 1 | 12,485 |
| - Д - 2 | 12,485 |
| **в) Масло за горење** | **ден/лит.** |
| - екстра лесно (ЕЛ) | 3,230 |
| **г) Мазут** | **ден/кг** |
| - М - 1 (М) | 0,100 |
| - М - 2 | 0,100 |

4. Во цените од точка 2 освен во потточката "г" на оваа одлука содржани се и трошоците за превоз од 0,40 ден/литар, а трошоците на прометот изнесуваат:

| **а) Моторни бензини** | **ден/лит.** |
|---|---|
| - МБ - 86 | до 3,20 |
| - МБ - 98 | до 3,20 |
| - МБ - 96 (ПРЕМИУМ) | до 3,20 |
| - БМБ - 90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | до 3,20 |
| - БМБ - 95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | до 3,20 |

| **б) Дизел гориво** | **ден/лит.** |
|---|---|
| - Д (ДИЗЕЛ) | до 3,20 |
| - Д - 1 | до 3,20 |
| - Д - 2 | до 3,20 |

| **в) Масло за горење** | **ден/лит.** |
|---|---|
| - екстра лесно (ЕЛ) | до 3,20 |

| **г) Мазут** | **ден/кг** |
|---|---|
| - М - 1 (М) | до 0,40 |
| - М - 2 | до 0,40 |

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 00,01 часот на 9.03.2004 година.

Бр. 02-168/1
8 март 2004 година
Скопје

Претседател,
**Славе Ивановски,** с.р.

---

**202.**

Врз основа на член 80 став 1 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите („Службен весник на СРМ“ бр. 27/86 и 17/91), Државниот завод за геодетски работи донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА УСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Се става во примена установениот катастар на недвижностите за катастарската општина Горно Коњаре - Општина Куманово.

Катастарот на недвижностите се применува од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на примената на катастарот на недвижностите од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиштето за КО Горно Коњаре, установен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-1501/1
1 март 2004 година
Скопје

Директор,
**Бисера Јакимовска,** с.р.

НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**9.**

Врз основа на член 13 став 4 од Законот за вршење нотарски работи (“Службен весник на РМ“ бр. 59/96 и 25/98), Претседателот на Нотарската комора на Република Македонија, на ден 01.03.2004 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПОЧЕТОК СО РАБОТА**

1. Именуваниот нотар:

1. Оливера Стеван Пешиќ - за подрачје на Основен суд Скопје II - Скопје, адреса на нотарска канцеларија: ул. “Тодор Паница“ бр. 5, локал бр. 8 - Скопје ќе започне со работа на ден 10.03.2004 година.

2. Решението влегува во сила веднаш со неговото донесување.

3. Решението да се објави во “Службен весник на РМ“.

Нотарска комора на РМ
Претседател,
**Никола Кајчевски**, с.р.

---

**О Б Ј А В И**

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија (“Службен весник на РМ“ бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/2001, 26/2002 и 46/2002), Министерството за труд и социјална политика

**О Б Ј А В У В А**

1. Трошоците на живот за месец февруари 2004 година во однос на месец јануари 2004 година се пониски за 0,9 %.

2. Исплатата на платите за месец февруари 2004 година во однос на месец јануари 2004 година работодавците од членот 3 став 1 ја вршат на нивото на правото утврдено за претходниот месец.

Министер,
**Јован Манасијевски**, с.р.

---

Врз основа на член 40 и 44 од Законот за данокот од добивка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/93 и 11/2001), Државниот завод за статистика го утврдува и објавува

**ДВИЖЕЊЕТО НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА МЕСЕЦ ФЕВРУАРИ 2004 ГОДИНА**

Движењето на цените на мало во Република Македонија во периодот јануари-февруари 2004 година во однос на просечните цени на мало во 2003 година изнесува 0,7%.

Директор,
м-р **দончо Герасимовски,** с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје**
**бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник - Борис Тренески.**
**Телефони: +389-2-3298-860, +389-2-3298-769.**
**Телефакс: +389-2-3112-267.**

**Претплатата за 2004 година изнесува 9.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798. Број за ДДВ МК: 4030987108771.**
**Депонент: Комерцијална банка, АД - Скопје.**
**Печат: Графички центар КМ Креатив - Скопје.**